Republic of North Macedonia
Civil Aviation Agency

# Известување до летачки персонал – 2023/01

Ова известување се однесува за продолжување на тип/класа на Симулатори за летање на носители на дозвола издадена од Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ.

Во согласност со применливата регулатива „Part FCL" на регулативата (ЕУ) 1178/2011 објавена во Службен Весник со бр.228/2020, а која е применлива од 01 Април 2021 во Република Северена Македонија, Агенцијата ги известува пилотите (летечкиот персонал):

1. Кога се продолжува/обновува овластување на тип/класа на воздухоплов на Симулатор за летање одобрен од ЕАСА (EASA), односно одобрен од земја членка на ЕУ – тогаш нема потреба да се поднесува барање до АЦВ.
*ВАЖНО: Одговорноста е на летечкиот персонал кој продолжува/обновува тип/класа да провери и осигура дека симулаторот има валидно ЕАСА (EASA) одобрение.*

2. Кога се продолжува овластување на тип/класа на воздухоплов со ЕАСА испитувач (EASA examiner), односно испитувач со овласување во ЕАСА (EASA) дозвола / дозвола на земја членка на ЕУ – тогаш нема потреба да се поднесува барање до АЦВ за одобрување на испитувачот (examiner) за процесот на продолжување/обновување на овластувањето.
*ВАЖНО: Одговорноста е на летечкиот персонал кој продолжува/обновува тип/класа да провери и осигура дека испитувачот (examiner) има валидно ЕАСА (EASA) дозвола и валидно и важечко лекарско уверение (освен кога испитувачот е само SFE).*

3. Кога се продолжува/обновува овластување на тип/класа на воздухоплов на Симулатор за летање кој нема ЕАСА (EASA) одобрение, односно одобрен од земја членка на ЕУ и кога испитувачот (examiner) нема ЕАСА (EASA) дозвола – тогаш треба да се поднесе барање до АЦВ за одобрување на симулаторот и испитувачот за продолжување/обновување на овластувањето.
*ВАЖНО: Поединечните одобрувања важат додека е валидно одобрението на Симулаторот и валидна дозволата и лекарското на испитувачот.*

4. Без дополнителни барања/одобрувања се признава и прифаќа продолжување/ обновување на тип/класа кога се работи со испитувач кој има впишано овластување во македонска дозвола, има валидно лекарско уверение и е на листа на стручњаци издадена од АЦВ за тој тип/класа.

5. Без дополнителни барања/одобрувања се признава и прифаќа продолжување/ обновување на тип/класа кога се работи со испитувач (examiner), кој има валидно овластување за испитувач издадено од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија, има валидна дозвола и валидно лекарско уверение.
Според Оперативната директива за безбедност број 2023-001-ATD, издадена на 15.03.2023 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ ги препознава и прифаќа сертификатите издадени од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија, како што ги препознава и прифаќа ЕАСА (EASA) сертификатате
*ВАЖНО: Одговорноста е на летечкиот персонал кој продолжува/обновува тип/класа да провери и осигура дека испитувачот (examiner) има валидна дозвола, валидно лекарско уверение (освен кога испитувачот е само SFE) и валидно овластување за испитувач, издадено од* Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија.

Барањата за одобрување на симулатор и испитувач да се достават електронски на pel@caa.gov.mk.

Доколку летачкиот персонал направи проверка за продолжување на класа/тип на неодобрен ЕАСА (EASA) симулатор или со испитувач кој нема впишано овластување за испитувач во ЕАСА (EASA) дозвола или пак нема валидно и важечко лекарско уверение, тогаш одговорноста и трошоците се на самиот кандидат – летачки персонал кој продолжува/обновува тип/класа.

Republic of North Macedonia

Civil Aviation Agency

# Notification to flight crew – 2023/01

This notification refers to the issue/revalidation/renewal of the type/class on flight simulators of the license holders issued by the Civil Aviation Agency of the Republic of North Macedonia.

In accordance with the applicable “Part FCL”, Regulation (EU) 1178/2011 published in Official Gazette of the Republic of North Macedonia No.228/2020, which is applicable from 01 of April 2021 in the Republic of North Macedonia, the Agency inform the pilots (flight crew) on following:

1. When revalidating/renewal of type/class endorsement on flight simulator approved by EASA, ie approved by an EU member state – then there is no need to apply to MKD CAA for approval of the simulator to revalidate/renew the authorization.
   *IMPORTANT: It is a responsibility of the flight crew who revalidates/renews the type/class to verify and ensure that the simulator has a valid EASA approval.*

2. When revalidating/renewal of type/class endorsement with an EASA examiner, ie an EASA licensed examiner / license holder of an EU member state – then there is no need to apply at the МКД CAA for approval of the examiner.
   *IMPORTANT: It is a responsibility of the flight crew who revalidates/renews the type/class to verify and ensure that the examiner has a valid EASA licence and a valid medical certificate (unless the examiner is only SFE).*

3. When revalidating/renewal of type/class endorsement on a flight simulator that does not have EASA approval, ie approved by an EU member state and when the examiner does not have EASA permit – then an application request should be submitted to the MKD CAA for the approval of the simulator and/or the examiner.
   *IMPORTANT: Individual approvals are valid as long as the simulator approval and/or the examiner’s medical license are valid.*

4. Without additional requests/approvals, the revalidation/renewal of the type/class endorsement is recognized and accepted when the examiner have examiner endorsement license issued by MKD CAA, has a valid medical certificate and is listed on the experts list issued by the MKD CAA for that type/class.

5. Without additional requests/approvals, the revalidation/renewal of the type/class endorsement is recognized and accepted by an examiner who has a valid examiner authorization issued by the Civil Aviation Directorate of the Republic of Serbia, a valid pilot licence and a valid medical certificate.
   According to the Operational Security Directive number 2023-001-ATD, issued on 15.03.2023, the Macedonian Civil Aviation Agency recognizes and accepts the certificates issued by the Civil Aviation Directorate of the Republic of Serbia, as recognized and accepted by EASA certificates.
   *IMPORTANT: It is a responsibility of the flight crew who revalidates/renews the type/class to verify and ensure that the examiner has a valid pilot licence and a valid medical certificate (unless the examiner is SFE only) and a valid examiner authorization issued by the Civil Aviation Directorate of the Republic of Serbia.*

Requests for approval of the simulator and/or examiner should be submitted electronically to pel@caa.gov.mk .

If the flight crew conduct check for a class/type revalidation of an unapproved EASA simulator and/or with examiner who has no EASA examiner authorization ebndorsement or does not have a valid medical certificate (N/A to SFE), then the responsibility and the costs are on the applicant – flight crew that revalidates/renews type/class.